Киро КАМБЕРСКИ

**УДК: 373.51(497.7)(091)**

# СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## – развојни фази и карактеристики –

Средното образование во Република Македонија има над илјада годишна традиција. Почетните форми на овој вид образование се наоѓаат во Климентовата Охридска школа (9 век), која се состоела од два oддела: *долен* и *горен*[1]. Како институционална форма, меѓутоа, средното образование во Македонија датира од средината на 19 век[2], но се до нејзиното ослободување (1945) тоа останало недоволно развиено, како во однос на мрежата и опфатот на соодветната популација, така и во однос на неговата програмска структура (образовните профили). Непосредно пред Втората светска војна (1939/40), во времето на Кралството Југославија, во чии граници била вклучена и денешната државна територија на Македонија, на која и се оспорувал националниот карактер и етничката посебност на македонскиот народ, на пример, постоеле вкупно 41 средно училиште, со 12 605 ученици, и тоа: 22 училишта со 2 180 ученици биле нижи стручни училишта (главно, од занаетски тип), 4 средни стручни училишта (2 економски со 450 ученици, 1 медицинско со 34 ученици и една учителска школа со 401 ученик) и 15 гимназии ( од кои само 6 полни) со 9540 ученици[3].

Средното образование во Македонија нагласен развиток добива дури по ослободувањето на Македонија (1945). Главна карактеристика

[1] Види: Ристо Кантарџиев, *Учителската и просветната дејност на Климент Охридски,* Просветно дело, 1996, бр. 4.

[2] За прво средно училиште во Македонија се смета велешката *Трговска школа* отворена 1857 година (Види: Д-р Ристо Кантарџиев, *Македонското преродбенско училиште,* Скопје, 1965; Данчо Зогравски, *Условеноста и намената на велешкото трговско училиште од 1857 година,* во зборникот: *Школството, просветата и културата во Македонија во времето на Преродбата,* Скопје, 1979.

[3] Школство у ФНРЈ 1945-1951, Београд, 1952.

на овој развој е брзото ширење на мрежата и на структурата на средните училишта и зголемувањето на бројот на учениците во сите видови средни училишта. Така, за само четири години по ослободувањето (1948/49) бројот на училиштата и учениците е утростручен: 139 училишта со 34 399 ученици. Во наведената учебна година работеле 31 гимназија (19 нижи и 12 полни) со 18 736 ученици, 15 средни стручни училишта со 3 976 ученици, 10 уметнички школи (7 нижи) со 866 ученици, 3 учителски школи со 1 104 ученици и 80 нижи стручни училишта со 9 717 учениоци[4].

Средното образование во Македонија по ослободувањето, во периодот до **Школската реформа од 1958 година,** се развива врз истата организациона поставеност на средношколскиот систем од времето на Кралството Југославија, во чија основа била поделбата на **нижи средни** и **средни училишта**. Во овој период постоеле и работеле следните видови училишта за средно образование:

- гимназии,
- средни стручни училишта (технички и други стручни училишта),
- училишта за образование на наставници (учители),
- уметнички училишта,
- нижи стручни училишта (училишта за квалификувани работници), и
- работнички техникуми (за возрасни).

**Гимназијата** имала општообразовен карактер, со исклучителна улога да ги подготвува младите за продолжување на образованието на високошколските установи. Во однос на другите средни училишта таа имала примарно значење и привилегирана положба. Била организирана како осумкласно училиште, со поделба на нижа и виша гимназија (заедно полна гимназија).

---

[4] Пак таму.

**Нижите стручни училишта** имале задача да оспособуваат квалификувани работници, главно, за индустријата и занаетчиството, но и за некои други стопански и општествени дејности (земјоделие, здравство и сл.). По начинот на школување тие се делеле на **училишта за ученици во стопанството** и **училишта со практична обука.** Разликата меѓу овие два типа училишта се состоела во тоа што училиштата за ученици во стопанството давале само теоретски (општи и стручни) знаења, а практично учениците се подготвувале непосредно во претпријатијата и занаетчиските работилници, додека во училиштата со практична обука учениците добивале и теориски (општи и стручни) и практични знаења и вештини во самото училиште. Школувањето во овие училишта траело 2 до 3 години, а биле примани ученици со завршено четиригодишно основно училиште или втори клас гимназија, што зависело од струката која се изучувала[5]**.** Од учебната 1954/55 година за 34 занимања се барало учениците предходно да имаат завршено осумгодишно основно образование или 4 клас гимназија, а за другите занимања завршено VI одделение основно училиште или II клас гимназија[6].

Во однос на предвоената состојба посебно значаен развој во овој период доживува средното стручно образование (техничките и други стручни училишта) и тоа како во квантитативна, така и во квалитативна смисла. По својата програмска физиономија средностручните училишта се развиваат во насока на задоволување на потребите од стручни кадри за највиталните функции на стопанскиот и општествениот живот (економија, техника, земјоделие, медицина, градежништво).

**Работничките техникуми** како посебен вид училишта биле наменети за средно стручно образование на возрасните, кои веќе биле вработени. Се отвораат од учебната 1949/5о година. Имале задача на најдобрите квалификувани работници да им овозможат здобивање со средна стручна подготовка и соодветно општо образование. Во нив биле при-

---

[5] За организацијата и работата на овие училишта види: Киро Кмберски, *Средното воспитание и образование во Македонија 1945-1975,* сп. Просветно дело, 1992, бр. 4, стр. 71.

[6] Види: Службен весник на НРМ, бр. 28/54.

мани квалификувани работници што претходно завршиле соодветно ниже стручно училиште, а школувањето се одвивало паралелно со работата (имале скратено работно време). Школувањето траело 4 години. Наставата имала претежно теориски карактер. Работничките техникуми ги имале истите отсеци како и средните стручни училишта, но главно акцентот бил ставен врз образованието на индустриски, градежнички и трговски кадри[7].

Нагласено значење во развојот на средното образование во овој период добиваат и **училиштата за образование наставнички кадри,** меѓу кои посебно учителските школи. Веднаш по ослободувањето се отвора широк фронт за искоренување на огромната неписменост ( речиси 70% од населението над 10 годишна возраст беше неписмено) и за што поцелосно опфаќање на школскообврзната популација со задолжително основно образование, со што огромно нараснаа потребите од учителски кадар. Овој изразито актуелен проблем на повоената македонска просвета е решаван преку најразновидни форми, меѓу кои доминантно место имале учителските курсеви и отворањето на неколку учителски школи: Скопје (1944/45), Битола (1945/46), Штип (1946/47) и Тетово (1950/51, на албански јазик). Покрај учителските, биле отворени и две други училишта за подготвување на стручни учители: Средно фискултурно училиште (1950) и Учителско домаќинско училиште (1952) во Скопје[8].

Структурата на средното образование во овој период е проширена и со неколку **уметнички училишта** кои имале задача да оспособуваат кадри за вршење уметнички дејности (занаети), односно за натамошно уметничко образование и усовршување. Вакви училишта (нижи и средни) се отвораат од областа на музичката, ликовната, театарската и балетската уметност.

Глобално гледано, средното образование во Република Македонија во периодот до Школската реформа од 1958 година ја имало следнава развиеност:

---

[7] Киро Камберски, Средното воспитание и образовавие . . . ц.с., стр. 80-81.

[8] Службен весник на НРМ, бр.4/50 и бр. 35/52.

## Преглед
на развиеноста на средното образование
во Македонија во учебната 1957/58 година

| Вид училиште | Број | Паралелки | Ученици | % | Наставници | Бр.учен. на 1 наставник |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Училита за КВ работници | 38 | 257 | 5 919 | 28,60 | 462 | 12,81 |
| Техничи и др.стручни училишта | 26 | 208 | 6 546 | 31,63 | 496 | 13,2о |
| Учил.заоб разование настав. | 7 | 81 | 2 613 | 12,63 | 141 | 18,53 |
| Уметнич. училшта | 3 | - | 263 | 1,27 | 67 | 3,93 |
| Гимназии | 17 | 181 | 5 355 | 25,87 | 370 | 14,47 |
| Вкупно | 91 | 727 | 20 696 | 100 | 1 536 | 13,47 |

(Извор: *Статистички годишник* за 1968)

Карактеристично е да се одбележи дека во овој период не се создадени единствени нормативни основи за развитокот на средното образование, така што одделни видови училишта се развивале речиси наполно автономно. Внатрешната организација, дејноста, условите за запишување и другите прашања биле регулирани со посебни правни акти за секој одделен вид училишта, па дури и за секое училиште. Тоа придонело да се создадат доста разнолики решенија, особено во поглед на времетраењето на школувањето и критериумите за запишување на учениците. Ваквите различни решенија директно влијаеле, од една страна, врз обемот и содржината на образованието во одделните видови училишта, а од друга, врз правата на учениците за продолжување на школувањето. Сето тоа придонело да се задржи наследениот дуалистички карактер на средното образование како битна карактеристика на

неговиот развиток во овој период, од гледиштето на тогашните стратешки цели на развојот на глобалниот воспитно-образовен систем, во чија основа биле вградени марксистичката идеологија и развојот на социјалистички општествени односи.

Средното образование значителни промени ќе претрпи по Школската реформа од 1958 година.

## Средното образование по Школската реформа од 1958 година

Школската реформа од 1958 година, иако на преден план го имала основното образование, внесува значајни промени и во развојот на средното образование. Најбитни промени кои имале директно влијание врз средното образование биле: *(а) воведување осумгодишно задолжително основно образование за целата популација на возраст од 7 до 15 години*, кое се остварува во единствено осумгодишно основно училиште (осмолетка), *и (б) прифаќање на осумгодишното основно образование како образовна основа за надградба на средното образование во сите видови средни училишта.*

Овие реформски решенија обусловиле повеќе промени не само во организацијата и во програмската структура на одделните видови средни училишта, туку и во нивниот социјален и педагошки статус. *Се напушта концептот на постоење нижи средни и средни училишта*, односно дотогашните нижи стручни училишта (училиштата за квалификувани работници) *се подигаат на ранг на средни училишта.* Услов за запишување во овие, како и во другите средни училишта е предходно завршено осумгодишно основно училиште.

Промени претрпува и гимназиското образование. Гимназијата организационо се преструктуира во четиригодишно (I-IV клас) општо образовно средно училиште. Во однос на програмско-содржинската структура гимназијата се развива во две насоки (бифуркација): *општествено-јазична и природно-математичка.* Се сметало дека со ваквата

трансформација се создаваат услови, од една страна, за посолидна подготовка на учениците за определен вид студии, а од друга, за вклучување на завршените ученици во определени форми на општествениот труд.

За средното стручно образование (технички и други стручни училишта) по 1958 година карактеристично е што постепено почнува да се напушта дотогашната практика да се образува општ профил на стручнак и да се поминува на оспособување специјализирани стручни кадри. Ваквата ориентација била обусловена од стопанскиот развој, кој во низа дотогашни струки внесува такви промени кои бараат посебни, издиференцирани стручни знаења, способности и вештини. Од стручните училишта се барало да се доближат до потребите на стопанството, односно да се напушти енциклопедискиот карактер на изучување на струката и во нивната работа да се внесе практично производен труд, односно работата на училиштето да се поврзе со научно-техничкиот развиток на производството.[9] Со диференцирани програми во средното стручно образование се почнува од учебната 1959/60 година[10].

Ваквиот начин на профилирање на образованието на стручните кадри, обусловен од потребите на стопанскиот и научно техничкиот развој, доведува до формирање на училишни центри (од учебната 1961/62 година) како посебни воспитно-образовни организации во кои се подготвуваат повеќе профили на стручни кадри. Вакви центри се формираат и во поголем број производствени организаци за подготвување на свој работнички подмладок[11].

Карактеристично за овој период е укинувањето ( од учебната 1963/64 година) на учителските школи како средношколски установи, а

---

[9] Види: *Службен весник на НРМ,* бр. 29/59.

[10] На пр. во текот на 1959 година Советот за просвета на НРМ донесува програма постојните земјоделски училишта, кои дотогаш формирале профил на општ земјоделски техничар, да извршат насочување на овие училишта така што ќе подгптвуваат кадри за одделни земјоделски гранки: поледелство, сточарство, овоштарство итн. *Службен весник на НРМ*, бр. 29/59, стр. 441.

[11] Види: Цветко Смилевски, во книгата *Воспитанието и образованието во Македонија (1943-1983),* Скопје 1985, стр. 135.

оспособувањето учители (одделенски наставници) се пренесува на педагошките академии (виши школи)[12].

На крајот од овој развоен период (учебна 1974/75 година), средното образование во Република Македонија ја достигнува следната развиеност:

Преглед
на развиеноста на средното образование
во Македонија во учебната 1974/75 година

| Вид училиште | Број | Паралелки | Ученици | % | Наставници | Бр.учен. на 1 наставник |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Училишта за КВ работници | 47 | 549 | 18 341 | 29,06 | 3о3 | 60,53 |
| Техничи и др.стручни училишта | 51 | 596 | 20 294 | 32.15 | 505 | 40,19 |
| Учил. за образование настав. | 1 | 8 | 239 | 0,38 | 23 | 10,39 |
| Уметнички училшта | 6 | - | 477 | 0,76 | 122 | 3,91 |
| Гимназии | 39 | 756 | 23 767 | 37,65 | 1 174 | 20,24 |
| **Вкупно** | **144** | **1 909** | **63 118** | **100** | **2 127** | **29,67** |

(Извор: *Статистички годишник* за 1976)

Во истата учебна година во областа на средното образование работеле и 23 специјални училишта со 130 паралелки, 1 429 ученици и 168 наставници, едно верско училиште со 5 паралелки, 79 ученици и 8 наставника и 24 училишта за возрасни со 103 паралелки, 3 631 посетител и 89 наставници[13].

Статистичките податоци за опфатеноста на генерациите на возраст од 15 до 19 години во училиштата за средно образование, во

[12] *Службен весник на СРМ*, бр. 31/63.

[13] *Статистички годишник на СР Македонија* за 1976 год.

овој период, покажуваат тенденција на постојано зголемување на процентот на генерацискиот опфат: 1959/60 - 18,6%, 1962/63 - 35,9%, а 1972/73 - 37,5%[14].

Главна карактеристика на развојот на средното образование во Македонија во периодот по школската реформа 1958 година е неговиот експанзивен карактер, при што гимназиското образование, и по бројот на учениците опфатени во него и по нивното учество во вкупниот број средношколци, добива доминантно место, иако интенциите на образовната политика биле преструктуирање на средното образование во корист на стручните училишта. Несоодветни движења се јавуваат и во поглед на стручното образование. Пренагласена репродукција се јавува, на пример, во училиштата со економска, трговска и медицинска насока, а недостиг во повеќе гранки на индустријата, земјоделиeтo, удостителството итн.

На крајот на овој период (учебна 1974/75 година) во Македонија на 1 000 жители доаѓале 38 ученици средношколци, односно на 1 000 активни лица 100 средношколци, а процентот на опфатот на соодветната возрасна популација изнесувал околу 40%[15].

Соодносите во движењето на бројот на учениците по видови училишта може да се види од следните прикази:

| Вид училиште | 1950 /51 % | 1957 / 58 % | 1974 / 75 % |
|---|---|---|---|
| Гимназии | 25,62 | 25,87 | 37,65 |
| Технички и други стручни училиште | 23,62 | 31,63 | 32,15 |
| Училишта за КВ работници | 42,35 | 28,60 | 29,06 |
| Училишта за образование на наставници | 7,26 | 12,63 | 0,38 |
| Уметнички училишта | 1,15 | 1,27 | 0,76 |
| **Вкупно:** | **100** | **100** | **100** |

[14] Група автори, *Развитокот и реформата на воспитанието и образованието во СРМ,* Скопје 1979, стр. 50.

[15] Види: д-р Киро Камберски, *Од буквар до универзитет*, Скопје, 1994, стр. 158, 159.

Графички приказ

на движењето на бројот на учениците по видови училишта




гимназии

технички и други стручни училишта

училишта за КВ работници

училишта за образование на наставници

уметнички училишта

## Нови концепциски промени -насочено образование

Средното образование во Република Македонија доживува коренити промени со реформата на воспитно-образовниот систем од средината на седумдесетите и почетокот на осумдесеттите години на минатиот век. Овие реформски зафати имале цел да се надминат воочените слабости во дотогашниот негов развој, посебно во однос на општествено-педагошкиот статус и третманот на одделните видови средни училишта и неговиот развој функционално да се врзе за промените во карактерот на стопанскиот, научниот и технолошкиот развој и развојот на опште-

стевените односи. Се сметало дека пројавениот дуалистички карактер на развојот на средното образовение е неспоив со развојот на новите социјалистички самоуправни односи и затоа треба, наместо одделните видови средни училишта (општообразовни, стручни, за квалификувани работници) да се воведе *единствен пат на позивно (насочено) средно воспитание и образование.*

Оваа реформа се спроведува под името *социјалистичка самоуправна преобразба на воспитанието и образованието.* Нејзините идејни основи се содржани во два клучни документа: (1) *Резолуција за развојот на воспитанието и образованието на самоуправна основа,* што во 1970 година ја донесе Сојузното собрание на СФРЈ и (2) *Резолуција за самоуправен социјалистички развој на воспитанието и образованието,* донесена на X Конгрес на СКЈ 1974 година.

Главните определби, содржани во овие документи, а кои се однесуваат на новата концепција на средното воспитание и образование се дадени во следниве два основни става:

(а) секој облик и степен по основното осумгодишно образование треба да оспособува истовремено за вклучување во процесите на тудот и за натамошно образование, и

(б) Воведување заедничка основа (прва фаза) за целата средношколска генерација на почетокот на средношколското образование како претпоставка на секое натамошно (позивно, насочено) образование.

Со оваа реформа, која се подготвувала доста долго, средното училиште претрпело најрадикални промени. *Гимназијата, техничките и училиштата за квалификувани работници* како средношколски институции *се укинуваат* и наместо нив се воспоставува (изградува) *единствено средно училиште* во рамките на кое учениците се оспособуваат за одделни занимања и за натамошно образование.Се претпоставувало дека на тој начин сета средношколска генерација се става во рамноправна положба (третман), со што се надминува пројавениот дуалистички карактер на средното образование во претходниот развој.

Во првите две години сите ученици, без разлика на тоа за кое занимање и степен ќе се определат по нивното завршување, добивале општо образовни знаења. Тие ја претставувале *првата фаза* која се означувала како *заедничка основа.* Заедничката основа ја сочинувале воспитно-образовни содржини од следните подрачја:

- општокултурно;
- општествено-економско;
- природно-математичко;
- производно-техничко;
- изборна настава, и
- факултативна настава[16].

Втората фаза (III и IV година) траела една или две години (во зависност од занимањето). Во рамките на оваа фаза учениците изучувале:

- предмети од општообразовен карактер;
- општостручни предмети од избраната насока(струка, занимање);
- тесностручни предмети, и
- факултативна настава.

Оваа нова концепција на средното образование е позната под името насочено (средно) образование.

Промените во однос на предходниот период можат да се видат од следните прикази:

[16] Овие решенија, во јавната дискусија во текот на подготовките на Реформата, биле подложени на најостра критика и оспорувања, што покасно тоа ќе се покаже како сосема оправдано.

# Графички приказ на системот на средното образование **пред реформата 1974/75 година**



## ...и по реформата 1975 година

(*Единствено средно училиште*)




Во 1978 година, на сојузно ниво, е усвоен *Договор за единствени основи за класификација на занимањата и на стручните степени,* според кој се утврдени 8 степени на стручна подготовка во рамките на насоченото (сето образование после основното: средно, вишо, високо, факултетско) образование, а врз основа на критериуми за сложеност

на трудот. Во рамките на средното образование (училиште) се предвидени пет степени на стручна подготовка[17].

Иако, навидум, едноставна, оваа концепција на средното образование отворила многу дилеми и прашања, и тоа, не само во поглед на организациско-програмската физиономија на средното училиште, туку и во однос на неговата функција. Особено дискутабилни биле решенијата во првата фаза, но и повеќе други, кои неможела да ги прифати ниту практиката, ниту технолошката организација на трудот. Неповолни последици се манифестирани во однос на стручниот профил на некои занимања (премногу тесен), опаѓање на вкупниот квалитет на работата на училиштата, оспособеноста на учениците се покажала недоволна како во однос на нивното вклучување во процесот на работата, така и во однос на продолжувањето на образованието, итн. Правени се напори некои од воочените слабости и недостатоци на вака реформираното средно училиште да се отстранат во текот на практичната реализација, но влијанието на некои објективни услови и други фактори, пред сè, од економска природа, како и некои погрешни концепциски решенија, не овозможиле услови средното училиште, во овој период, да го добие вистинското место во вкупниот образовен и социјален развиток.

## Развојни карактеристики

Процесот на целосно преструктуирање на средното образование според концепцијата на насоченото образование во Република Македонија започнува во учебната 1982/83 година , после долги подготовки и проучувања, но и многу лутања и неснаоѓања.

Основната организациска форма на насоченото средно образование ја чинеле *образовниіте*, односно *училишниіте ценіри*. Во Репуб-

---

[17] Стручна подготовка од I и II степен ( за едноставни и помалку сложени работи) можело да се добие во текот или по завршувањето на првата фаза; III степен (средно сложени работи) во текот на првата година од втората фаза на средното насочено образование; IV степен (сложени работи) во текот на втората година од втората фаза, и V степен (специјализација) се стекнувал преку непосредна работа.

лика Македонија училишни центри почнуваат да се формираат од учебната 1961/62 година како посебна организациска форма во рамките на средното стручно образование[18]. Со реформата од крајот на седумдесетите и почетокот на осумдесетите години тие стануваат единствена институционална форма на насочено (средното) образование.

Училишните центри претставувале сложена организација, со една или повеќе сродни струки и со еден или повеќе степени на стручна подготовка. Во рамките на училишните центрите биле застапени следните струки:

Преглед
на струките застапени во средното (насочено) образование[19]

1.Металско-машинска
2. Машинско енергетска
3. Електротехничка
4. Сообраќајна
5. Градежно-машинска
6. Градежно-геодетска
7. Рударско-геолошка
8. Металуршка
9. Графичка
10. Хемиско-технолошка
11. Неметална
12. Текстилна
13. Кожарско гумарска
14. Дрвопреработувачка
15. Шумарска
16. Земјоделска
17. Прехрамбена
18. Ветеринарна
19. Здравствена
2о. Физичка култура
21. Угостителско-туристичка
22. Козметичко-фризерска
23. Трговска
24. Економска
25. Правна
26. Биротехничка
27. Уметничка
28. Музичко-балетска
29. Математичко-информатичка
3о. Физичко-техничка
31. Културолошка
32.Биотехничка
33. Просветна

[18] Поттик за ваков развој претставувала *Резолуцијата за образование на стручни кадри*, донесена од Сојузното собрание (Савезна скупштина) 1960 година. Со овој документ е дадена можност средни стручни училишта да можат да основаат и поголемите работни организации (претпријатија) како и самите општини ( територијален принцип).

[19] Со мали промени овие струки ја чинеле структурата на средното образование во текот на целиот период на реализацијата на концепцијата на насоченото (средно) образование.

Насочувањето се вршело според следната шема[20]:




Паралелно со концепциските промени се вршат и преструктуирања на мрежата на средното образование и на внатрешната организација на училиштето, во согласност со системските промени. Така, во учебната 1984/85 година од вкупно 92 средношколски институции веќе функционираат 87 училишни центри, со наведените 33 струки и голем број на занимања[21].

Во учебната 1987/88 година во 96 училишни установи, со 2420 паралелки, биле опфанати вкупно 74232 ученика од кои 34478 или 46,45% од женскиот пол[22].

---

[20] Види: *Водич во насоченото средно образование,* Скопје, 1984.

[21] Во програмските документи биле зацртани околу 270 занимања.

[22] Статистички годишник на СРМ за 1989 година.

Во развојот на училишната мрежа и внатрешното преструктуирање на училиштата се јавиле сериозни проблеми на планот на регионализацијата (локален интерес), потоа во поглед на бројот на струките во едно училиште и нивната сродност (од 2 до 8) и бројот на учениците опфатени со нив ( од една струка по една паралелка, итн). Сето тоа неповолно се одразувало како врз матерјално-техничката база, така и врз кадровското прашање, а последица била намалување на вкупниот квалитет на работата на училиштата. Неприлагоденоста на структурата и капацитетите на одделните струки според поделбата на трудот и неговата развиеност исто така претставувало сериозен проблем.

Една од карактеристиките на развојот на средното образование во периодот на насоченото образование е континуираното опаќање на процентот на учениците што го продолжуваат образованието по завршувањето на основното осумгодишно училиште. Така, процентот на опфаќањето на завршените основношколци во институциите на средното образование од 84,50 во учебната 1982/83 година опаднал на 75,77 во учебната 1998/99 година, иако образовната политика во тоа време како цел ја имала ориентација за зголемување на генерациските опфат на соодветната популација.

Преглед
на преодот од основно во средно образование
во периодот 1982/83 - 1998/99 годинња

| Учебна година | Завршиле основно образование | Запишале I год. средно образование | % |
|---|---|---|---|
| 1982/83 | 29538 | | |
| 1983/84 | 29399 | 24961 | 84,50 |
| 1984/85 | 29672 | 24748 | 84,17 |
| 1985/86 | 29431 | 23575 | 79,44 |
| 1986/87 | 29349 | 23166 | 78,71 |
| 1987/88 | 29574 | 23346 | 79,54 |
| 1988/89 | 29732 | 23011 | 77,81 |
| 1989/90 | | 22530 | 75,77 |

(Извор: Статистички годишник на СРМ)

Внатрешната ефикасност (ученици кои навреме го завршувале средното образование), пак, се движела над 80%. Така од генерацијата ученици кои запишале I година во учебната 1983/84 година во определениот рок завршиле 82,64%, а во 1984/85, пак, 85,26%.

Според бројот на учениците кои завршуваат средно образование најатрактивна била метално-машинската струка, потоа електротехничката, економската , текстилната , здравствената и угостителско-туристичката. Од вкупниот број 22952 завршени средношколци во учебната 1989/90 година, 3337 ученици или 14,54% отпаѓале на метално-машинската струка, 2846 или 12,40% на електротехничката, 2619 или 11,41% на економскта, 2144 или 9,34% на текстилната, 1047 или 4,56% на здрвствената, итн[23].

Нови концепциски, структурни и организациски промени во средното образование во Република Македонија настануваат по нејзиното осамостојување и општествено-политичките и економски промени. Од крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесетите години постепено се напуштаат концепциските решенија на таканаречената ***прва фаза***, а од учебната 1991/92 година одново се воведува гимназиското образование. Со тоа започнува и новата, актуелна фаза во развојот на средното образование во нашата држава.

***Клучни зборови:*** *средно образование, насочено образование, гимназија, стручни училишта, училишта за занимања, училишни центри)*

(Рецензент: *Доц. д-р* Зоран Велковски)

[23] Статистички годишник на СРМ за 1991 година

## SUMMARY

Kiro KAMBERSKI

**SECONDARY EDUCATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA**
**- developmental stages and characterisics -**

This article elaborates the genesis of the secondary education in the Republic of Macedonia. The author identifies several developmental stages of the system of the secondary education in the Republic of Macedonia and indicates the main characteristics in each of them. The attention is given on the changes, on the reasons that cause them and on their consequences. All the analysis is supported by statistical data and by different tables and schemas, which contribute to more clear understanding of the treated problem.

The article presents the essential changes and reforms of the system of secondary education in Macedonia in the period after the Second World War. Special attention is given on the period when the so called vocational education was introduced.